Сојуз за младинска работа
Ул. Караџица бр.6, Скопје
smr.sojuz@gmail.com

# Наративен извештај за активностите на Сојуз за младинска работа 2021 година

## Процеси:

### 1. Активности за препознавање и признавање на младинската работа

Во насока на остварување на основната цел и задачи на Сојузот за младинска работа, и, во согласност со Меморандумот за соработка помеѓу Агенцијата за млади и спорт на РСМ и Сојузот за младинска работа од јануари 2020, во текот на јуни 2021 година, Секретаријатот презведе активности за планирање и спроведување на **Кампања за квалитетна младинска работа на локално ниво**.

Кампањата има за цел **информирање и поддршка на засегнатите страни за спроведување на процесите за воспоставување на младински центри на локално ниво во согласност со Законот за младинска работа и младинско учество и Правилникот за стандарди за квалитет на младински центри**, а опфати повеќе различни видови активности:

- **Информирање на кандидатите за градоначалници за обврската за основање младински центри**

  Со намера да се искористи можноста во предизборниот период, подготвено беше писмо за информирање и поттикнување на кандидатите за градоначалници да предвидат основање на Младински центри во своите програми. Писмото беше објавено на веб страницата на СМР, и, испратено до сите политички партии и до кандидатите кои имаа јавно објавено емаил адреса во август 2020 година.

- **Изработка на кратки видеа со важни информации од Законот и Правилникот**

  Четири (4) кратки анимирани видеа беа изработени и објавени YouTube каналот на веб страницата на СМР, и, споделени преку социјалните медиуми во периодот август – септември 2021 година.

  Видеата се креирани за да одговорат на клучни прашања и да разјаснат некои дилеми со кои се соочуваат засегнатите страни:

  - Што се младински центри?
  - Како се основаат младински центри?
  - Како се финансираат младинските центри?

- Младинските центри и другите сервиси за млади

- **Информативни он-лајн сесии за законската обврска за отварање на младински центри во општините**

  Од 23. до 26. ноември, 2021 година, беа организирани и одржани осум (8) едночасовни он-лајн регионални работилници за младински и организации за млади и претставници од ЕЛС за дополнително информирање и појаснување на законската обврска за воспоставување на младински центри на локално ниво, со акцент на стандардите за квалитет на младинска работа.

  На сесиите учествуваа околу 100-тина учесници, од кои, скоро половината беа претставници од општините.

- **Прес конференција**

  Заедно со Националниот младински совет на Македонија, и, во соработка со Агенцијата за млади и спорт на РСМ, Сојузот за младинска работа организираше прес настан во МладиХаб - Скопје на 10-ти декември, 2021 година. Со овој настан се одбележа 10ти декември - меѓународен ден на човековите права, и се истакна правото на младите луѓе на безбедни простори во кои ќе можат да ги развиваат своите компетенции и да се градат како активни граѓани. По настанот, беше испратено и соопштение до медиумите.

- **Донаторска конференција**

  На 21ви декември 2021 година, СМР организираше донаторска средба посветена на процесот на основање младински центри во согласност со Законот за младинско учество и младински политики. Целта на средбата беше да се информираат донаторите за правната рамка и за обврските што од неа произлегуваат за општините и организациите, за потребите и можностите за соработка. На настанот се обратија и Гордана Цекова, претставник од Агенцијата за млади и спорт, како и Ѓорги Тасев, Советникот за млади на премиерот. На средбата присуствуваа претставници од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, РИКО, УНИЦЕФ, УСАИД, Амбасада на САД, Мировен корпус и ОБСЕ.

- **Идни активности**

  Намерата е кампањата да продолжи и во иднина со различни активности, со цел континуирано да се информираат и да се поддржат клучните актери во процесите на воспоставување на младинските центри во општините.

  Активности кои ќе се реализираат во текот на месец мај се осум (8) регионални информативни средби „Младински центар во секоја општина“ наменети примарно за службениците за млади општините, а кои што ги

организираме во соработка со Агенцијата за млади и спорт. Средбите ќе се одржат во Агенцијата за млади и спорт на 18, 19, 25 и 26 мај, 2021 година.

## 2. Активности за професионализација на младинската работа

- **Програма за образование на возрасни во согласност со стандардот на занимање Работник со млади:**

Преку проектот „**Образовни можности за младински работници**", спроведуван во периодот 2019 – 2021, од страна на Сојуз за младинска работа, а со помош на Агенција за млади и спорт, за прв пат се ардесираше проблемот на непостоењето на стандардизиран пристап во образованието на младински работници во Северна Македонија. Поаѓајќи од недостатокот на национални заложби во сферата на професионализацијата на младинската работа и европските практики на истата тема, СМР:

- во 2019 ја верификува првата програма за за образование на возрасни: Работник со млади согласно на стандардот на занимање Работник со млади
- во 2020 се верификува како установа спроведувач на образование на возрасни
- во периодот 2020 - 2021 за учесниците и обучувачите во обуката, подготви едукативни ресури потребни за спроведување на програмата (Насоки за работници со млади и Насоки за обучивачи на работници со млади)
- во периодот декември 2020 до април 2021 година ја спроведе и првата обука за 14 работници со млади. **Вид на јавна исправа која ја стекнаа учесниците:** Сертификат за завршена обука за занимање – Работник со млади, одобрен од ЈУ Центар за образование за возрасни.



- **Препораки за воспоставување формални образовни програми за младински работници** преку меѓусекторска соработка и засновани на компетенции и други резултати од проектот “Creating Youth Workers – the Formal Education Edition”

Како еден од резултатите од Еразмус+ проектот “Creating Youth Workers – the Formal Education Edition” што го спроведе Сојуз за младинска работа, беа објавени препораки за воспоставување формални образовни програми за младински работници, како и за адаптирање и ревидирање на постоечки програми за да одговораат на новите трендови и потреби на младите и на младинските работници. Препораките беа развиени врз основа на податоците собрани во Компендиумот на образовни можности за младински работници, што беше објавен како прв резултат од истиот проект. Двата продукти беа заеднички креирани од тимови на младински работници и професори од вклучените работници, и истите можат да се пристапат на официјалната веб страна на проектот: https://creatingyouthworkers.com.

Проектот беше номиниран од страна на македонската Национална агенција за европски образовни програми и мобилност како добра пракса и беше презентиран на Европската младинска недела во Брисел.

## 3. Активности за стандардизација на младинската работа

- Правилник за стандарди за квалитет на младинските центри

Во април 2021 година Агенција за млади и спорт го усвои Правилникот за стандарди за квалитет на младинските центри. Правилникот е донесен во врска со член 22 од Законот за младинско учество и младински политика и ја дефинира постапката за основа младински центри во согласност со Законот. Правилникот беше подготвен низ консултативен процес во кој беа вклучени организациите членки на СМР. Усвоениот правилник е достапен на https://smr.org.mk/wp-content/uploads/2020/04/Standardi.pdf.

## • Поддршка на општините за отворање младински центри

СМР се става на располагање и ги поддржува општините и организациите кои иницираат и спроведуваат процеси за основање на младински центри, и, ја следи состојбата. Одржани се голем број на состаноци и консултации со претставници од општини и организации кои иницираат и спроведуваат процеси.

Во моментот, согласно Законот, во Македонија се основани 3 младински центри: во Кавадарци, Куманово, и Охрид. Процесот е инициран и во тек во уште неколку општини: Велес, Пробиштип, Битола, Кисела Вода. СМР стои на располагање на сите општини и форми на младинско организирање што планираат да работат на основање младински центри во согласност со Законот.

**Проекти**:

## 4. SLOW Youth Work

Во текот на 2021 година СМР работеше на проектот SLOW Youth Work – Supporting Long-term Outcomes in Youth Work, што го спроведува невладината организација ContextED од Латвија, како Стратешко партнерство во рамки на клучна акција 2 од програмата Еразмус+. Главна цел на проектот е да се промовира долгорочниот и инклузивен пристап кон креирањето на политики и практики за младинска работа во партнерските земји и низ Европа, преку иницирање дискусии и наоѓање соодветни одговори на пристапите на младинска работа што се мотивирани од брзи резултати.

Проектот SLOW Youth Work опфаќа 3 продукти, односно интелектуални аутпути:

1. Извештај за влијанието на политиките и практиките ориентирани на брзи резултати
2. Компендиум и препораки за дизајнирање на “бавни” практики во младинската работа
3. Документ за политики наменет за застапување на пристапи во младинската работа што промовираат долгорочни и инклузивни пристапи.

Во 2021 година беа реализирани два транснационални состаноци, од кои едниот на 8 и 9 јуни 2021 онлајн, а вториот на 27 и 28 ноември 2021 во Скопје.

Во рамките на прviот аутпут беше спроведена анализа на постоечки национални документи и фокус група со младински работници. Овој продукт е завршен во целост, вклучувајќи и дизајн. Се очекува уште постерите со пораки да се финализираат во мај 2022.

Вториот продукт е сè уште во фаза на изработка, а како дел од подготовката беа собрени добри практики од неколку од нашите организации членки со чии претставници подоцна беа направени и индивидуални интервјуа. По изработката на компендиумот тој ќе биде отворен за понатамошни коментари на завршниот настан кој ќе се одржи во Рига, Латвија.

Третиот продукт на проектот е исто така во изработка и првата работна верзија треба да биде издадена во мај 2022 година. Дел од содржините што може да се користат за застапување се веќе финализирани и објавени.

Повеќе информации за проектот се достапни на официјалната веб страна https://slowyouthwork.org

## 5. The Melting Pot

Во текот на 2021 година СМР работеше на проектот “Melting Pot”, што го спроведува Национална асоцијација на практичари/-ки на младинска работа (НАПОР) во соработка со СМР, Националниот младински совет на Хрватска, и три културни установи од партерските земји. Проектот се спроведува како стратешко партнерство во рамки на програмата

Сојуз за младинска работа
Ул. Караџица бр.6, Скопје
smr.sojuz@gmail.com

Еразмус+. Во рамки на проектот е предвидена изработка на четири продукти - интелектуални аутпути:

1. Курикулум за едукација на младински работници во културни установи
2. Регионално истражување за вклученоста на младите во програмите на културните установи
3. Развој и пилотирање на програми за младинска работа во културните установи
4. Публикација за иновација во соработката помеѓу младинската работа и културните установи

Сите продукти се во изработка и ќе бидат објавени во текот на 2022 година. Во моментов, во тек е пилотирање на програма за младинска работа во соработка помеѓу СМР и Музејот во Неготино.